крајот од секоја поголема партија, многу ќе им помогнат на учениците како при усвојувањето така и при повторувањето на материјалот.

Ако во меѓувреме излезе од печат и историската читанка на која авторите упатуваат по секоја лекција и којашто е предвидена, веројатно, како дополнение на учебникот (судејќи според цитираните наслови), можеме да очекуваме дека со тоа евентуално ќе се надоместат оние празнини што се чувствуваат во некои делови на учебникот.

Техничката страна на учебникот, со малиот број печатни грешки, со убаво распореден слог, а пред сè со добрите и бројни илустрации — што не сме свикнале да ги гледаме често во нашите учебници — придонесуваат овој учебник и од таа гледна точка да биде на висина.

**Д. П.**

## „НАСТАВА ПО ИСТОРИЈА“ ОД 1970/71 ГОДИНА

Списанието „Настава по историја“ во учебната 1970/71 година ја задржа својата физиономија и бројот на страниците. Сите четири броја, колку што било и планирано, излегоа на време и стигнаа до читателите. Редакцијата се грижела во списанието да бидат третирани актуелните прашања од историјата како наука и предмет, задржувајќи се на наставните проблеми по историја.

Во бројот од 1970/71 година застапени се мошне актуелни содржини. Уводната статија — „Могућности програмиране наставе повијести“ се задржува на битот на програмираната настава, програмираната настава по историја и придонесот на таа настава, како и улогата на наставникот. Во заклучокот на таа тема се вели дека „програмираната настава не ја намалува улогата на наставникот, меѓутоа битно ја менува. Наставникот се ослободува од некои активности што се од рутинерски карактер, како на пример, пренесување на знаењата за историските факти“. Понатаму се потврдува дека „расте неговата функција како организатор на наставната работа и дијагностичар на тешкотиите на учениците и помага на совладувањето на истите“. Меѓутоа, за да може тоа да се оствари наставникот треба да се оспособи, да умее и да сака програмирано да работи, да се оспособи и училиштето за воведување на современа настава.

Во овој број се застапени и други содржини како што се: информации, прикази и библиографии. Наставникот може да забележи ова: „Зошто ништо нема од наставната практика и поконкретно од методиката на историјата“. Сметаме дека оваа забелешка би била на место. Имено, нашиот практичар од ова списание очекува во секој број да најде такви содржини што би значеле разменување на искуството од остварувањето на наставната програма и др.

Во бројот 2 од 1970/71 година носечка статија е под овој наслов: „Покушај рада са респондерима“. Откако се дава во оваа статија куса информација за кибернетиката и програмираната настава, авторите се задржуваат на подготовките за работа, концептот на наставната единица со задачите за работа со респондер. На крајот е направен кон-

цизен осврт за изведување на часот. Разработката на оваа актуелна содржина сигурно наставникот го води во акција по еден однапред одреден испланиран ред што навистина значи сигурност и методско упатство во работата. Поставените прашања бараат одговор преку размислување и откривање на причините и последиците. Значи, преку тестовните задачи ученикот се упатува да размислува и да ги покаже своите прави знаења. Од тоа може да се види дека респондерите не ги диктираат дидактичко-методските постапки, а само помагаат за нивното остварување. Неоспорно тоа е и нивната вредност.

Авторите на оваа привлечна статија се: Драгица Гршиќ и Марија Врбетиќ. Тие, всушност, ги изнесуваат своите практични искуства. Треба да им се верува кога тврдат на едно место во статијата: „Во технички поглед наставата течеше лесно и без компликации и погрешно се плашевме дека тоа не ќе биде така. Вештината и подвижноста на професорката Гршиќ во раководењето со системот на респондерот и графиконот покажа дека се тешкотиите помали отколку што претпоставувавме. И сите технички решенија што по некаде ги баравме со сомнение, беа изводливи. Затоа, уште како, бевме многу задоволни од работата“.

Во овој број се застапени и наставни единици. Таков е материјалот — Методична приправа за учно темо: „Светозар Марковиќ, зачетник социјалистичнега гибања в Србие“. Во овој приказ е дадена детална разработка на таа содржина. Методската обработка е доста стереотипна и позната. Меѓутоа, содржината е пластично поставена и ветува успешно совладување на материјалот. Особено шемите можат да помогнат во таа насока. Исто и овој број завршува со информации, прикази и библиографија. Тие ги зафаќаат половината од страниците на овој број од списанието. Секако, дека е тоа потребно и корисно, меѓутоа ни се чини, во врска со тоа, дека е покорисна содржината што третира чисто наставна проблематика.

Бројот 3 од 1970/71 година е посветен на 100 годишнината од Париската комуна. Тоа се предавања и прикази во врска со Париската комуна што го пренесуваат позитивното искуство на наши истакнати практичари. Тоа е мошне позитивно, меѓутоа ние сме за избегнување на прикажувањето на веќе вкалапениот ред на организацијата на часот: „Тип на часот, обем на работата, наставни средства, литература, метод на работа, образовна и воспитна цел, план на предавањето“. Овој ред и начин на изнесување се повторува од ослободувањето до денес. Сметаме дека би било покорисно ако се пренесува искуството од остварувањето на содржината, организацијата на часот, примената на нагледните средства по слободен приказ без редење на наслови и поднаслови на она што е познато и што ќе се види преку содржината. Што се однесува до содржината на наставната единица — немаме примедба. Можеби за пример на такво методско прикажување и интерпретирање е поместената содржина: „Како сме се запознавале со Интернационалата“ — химната на меѓународниот пролетаријат — во средношколската настава по историја“.

Во бројот 3 е поместена и статијата: „Албанско питање у оквиру источне кризе од 1875 до 1878 год“.

Наставните програми по историја предвидуваат остварување на таа содржина, а во постојните учебници таа е обработена доста површно. Затоа оваа содржина со приложената литература може корисно да му послужи на наставникот во наставната практика.

Од содржината на бројот 4 од 1970/71 година вниманието на читателот, пред сè, го задржува насловот: „Увођење ученика у I разред гимназије“. Тоа е мошне интересен материјал поткрепен со примери. Авторите на едно место бележат: „Учениците од I клас треба да ги научиме како да учат, како да се служат со учебник. Секојпат треба да им се советува прво да ја прочитаат целата тема, да ги подвлечат важните делови, а при подолги пасуси со еден збор од страна да ја бележат суштината на содржината...“ Од овој цитат, а и од другата содржина, се гледа дека авторите тргаат од сознанието дека учениците за прв пат се воведуваат во историската настава во I клас гимназија. Имено, не се зема предвид дека во таа настава — користењето на учебникот и историската читанка се среќава и се користи уште во основното училиште. Добро ќе беше ако го прикажеа тоа и авторите. Значи, љубовта кон историјата не почнува да се гради од I клас гимназија.

Исто така вниманието го подвлекува и концизната содржина од статијата: „За нову улогу наставника у настави историје“. Авторот на статијата, Мирјана Грос, на наставникот му препорачува да ја напушти катедрата, којашто често му била единствен темел на авторитет. По нејзино мислење „тој мора на публиката да се претстави со свои знаења, своја способност за интерпретација на историските проблеми и живо предочување на историските појави“. За да се подготви таков наставник потребни се определени услови за работа од коишто авторот неколку наведува.

Нека ни биде дозволено на крајот да ги истакнеме мислењата на еден дел од практиката што очекува од списанието „Настава по историја“ да биде уште побогато со содржина од практиката на наставата по историја, со искуства од наставниците по историја. Имено, тие содржини да го зафатат поголемиот дел од проблемот, бидејќи е ова единствено списание во Југославија што е наменето претежно да се занимава со наставна проблематика по историја. Содржините од теоретски карактер мораат исто така да најдат адекватно место во списанието, меѓутоа тие да не бидат доминантни. Информациите, приказите и библиографијата, сметаме дека се корисни и употребливи.

**Д. Л.**